Живко Фирфов



Мелограмска колекција

Песни 2

BuzAc

Живко Фирфов

Мелограмска колекција
Песни 2

Скопје, 2023 година

Живко Фирфов

Мелограмска колекција
Песни 2

Скопје, 2023 година

Живко ФИРФОВ
МЕЛОГРАМСКА КОЛЕКЦИЈА ПЕСНИ 2

Прво издание, Скопје, 2023.

Издавач
Buzarovski Archive

За издавачот
проф. д-р Димитрије БУЖАРОВСКИ

Уредници
проф. д-р Димитрије БУЖАРОВСКИ
проф. д-р Трена ЈОРДАНОСКА

Илустрации
Дафина ЈОРДАНОСКА

© Buzarovski, 2023

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

784.4.089.6(497.7)Фирфов,Ж.

ФИРФОВ, Живко
Живко Фирфов [Електронски извор] : мелограмска колекција : песни 2 /Живко Фирфов ; [уредник Димитрије Бужаровски, Трена Јорданоска]. - Скопје : Д. Бужаровски, 2023. - 104 стр. : илустр. ; 27 см

Начин на пристапување (URL): http://buzar.mk/. - Текст во PDF формат. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 25.09.2023

ISBN 978-608-67089-1-7

а) Фирфов, Живко -- Мелограми б) Македонски народни песни -- Мелограми

COBISS.MK-ID 61684741

Предговор кон првата книга

Мелоѓрамската колекција Фирфов во ИРАМ/БузАр ја донесе синот на Живко Фирфов – Милан Фирфов во 2003 година. По дигитализацијата на касетната *Колекција Фирфов* со која започна дејноста на трансферот на аналогните звучни носачи со фолклорни материјали во дигитален формат во ИРАМ/БузАр во 2002 година, Милан Фирфов предложи да ги дигитализираме необјавените мелограми од Живко Фирфов, главно работени во 1970-тите години. Со Милан Фирфов уште во 1990-тите се обидовме во повеќе наврати да ги добиеме мелограмите од Живко Фирфов останати во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ кои Институтот не ги објавил. И тогаш, главната цел беше најнапред да ги препишеме со дигитален нотен процесор и на тој начин да ги подготвиме за објавување. За жал, во Институтот не наидовме на разбирање и по десетина години Милан Фирфов го донесе она што беше останато во нивниот дом.

Задачата да ги скенира и пренесе во нотен процесор ѝ беше доделена на Ирена Митевска (подоцна Ирена Митевска-Милевска) во тоа време студент на постдипломски студии на ФМУ и соработник во ИРАМ.

Митевска најнапред го скенираше оригиналниот материјал, а потоа мелограмите ги испиша во нотниот процесор Сибелиус. Воедно беше формирана и база со метаподатоците, во која беа евидентирани вкупно 383 единици. Целиот процес, вклучувајќи ги и проблемите во дигитализацијата, беше опишан во магистерскиот труд кој Ирена Митевска го изработи и одбрани во 2005 година.

Митевска вложи огромен труд во скенирањето и испишувањето на мелограмите, бидејќи нивното префрлање не беше техничка работа, туку на секој мелограм требаше да му се пристапи со големо внимание и разбирање и на музичките фрази и текстот и посебно на ракописот на Живко Фирфов. Така, Митевска ја направи првата редакција на овие мелограми при што договорено беше интервенциите да се прават исклучиво кај очигледни случајни грешки, односно мелограмите во Sibelius да се пренесат онака како што ги испишувал Живко Фирфов.

Во пролетта 2023 година одлучивме мелограмската колекција да се издаде во електронско издание, нешто за кое веќе имавме повеќегодишно искуство. На тој начин го задржавме и принципот да не бараме никакви финансиски средства, односно како и сите активности на БузАр и оваа да ја спроведеме на ентузијастичка, односно волонтерска основа. Задачата да ја направи оваа последна редакција и технички да го уреди изданието ја презеде Трена Јорданоска, која повеќе од една деценија ги подготвуваше изданијата на БузАр.

Исто така одлучивме дека изданието ќе го содржи мелограмот во дигиталниот формат (Сибелиус) и скенираните оригинални верзии од Живко Фирфов.

Со оглед на големиот број мелограми (383) одлучивме колекцијата да ја објавиме во повеќе изданија, кои би содржеле до 50 примери.

Најголемиот проблем што ја следеше дигитализацијата на овие мелограми беше што тие првично се работени како подготвителен материјал за натамошни изведби со оркестрите на Македонското радио и телевизија (МРТ). Затоа тие го немаат финалниот формат за печатење, односно објавување во книга. Сигурни сме дека ако Фирфов ги подготвувал за да ги предаде за уредување за печат, би пристапил на поинаков начин и како што се случува во другите изданија со негови мелограми, би ги категоризирал според одредени параметри.

Дилемите на Митевска каде и колку да се интервенира, се пренесоа и на вториот уредник Јорданоска, која дополнително внесе корекции за кои бевме сигурни дека се ненамерни грешки. На тој начин во целост е задржано основното ткиво на оваа мелограмска колекција изградено од нејзиниот автор Живко Фирфов.

Оригиналната верзија на мелограмите делумно содржеше и нумерација која уште при првиот дигитален трансфер не беше доследно следена. Како што кажавме, Фирфов не правел нумерација со групирање според категории, туку броевите на песните ги внесувал онака како што ги работел. И во оваа втора редакција си дозволивме корекции во редоследот на песните.

Постоеше опција кон песните да се додадат анализи за амбитусот и тонската низа (онака како што Фирфов го прави во повеќето од претходните печатени изданија со негови мелограми). Исто така, песните можеше да се организираат и според параметри, како на пример, метарот, или изедначат преку финската метода. Но, фактот што тие веќе се поставени во дигитален формат отвора можност дополнително, без потешкотии, да се прават анализи, посебно кога ќе се има предвид дека веќе живееме во времето на вештачката интелигенција.

Посебна благодарност искажуваме кон Дафина Јорданоска која со своите вињети придонесе ова издание да ја добие топлината и живоста на фолклорната музичка материја и на тој начин да се избегне сувопарноста и монотоноста на мелограмскиот запис.

Паралелно со подготовката на ова издание во БузАр започнавме со уште еден многу важен проект – *Мултимедијалниот корпус на македонски народни песни* (MCMFS). *Мелограмската колекција Фирфов* ја даде основата за првите песни кои влегоа во овој корпус, односно ги добија своите нумерички кодови. Со тоа дигитализацијата на оваа колекција уште повеќе доби во значење.

Охрид, 8 август 2023 година — Димитрије Бужаровски

Предговор кон втората книга

Во втората книга од *Мелоґрамската колекција Фирфов* беа применети моделите на претставување и уредување на песните што беа утврдени со првата книга од овој циклус. Веројатно, како што ќе напредува циклусот, ќе забележиме уште некои детали кои благодарејќи на електронското издание ќе можат дополнително да се коригираат и во веќе издадените книги. Исто така, со деталната обработка во подготовката на секоја нова книга ќе се потврдуваат и некои од констатациите од предговорот за првата книга.

Така, на пример, и во оваа книга се потврдува дека мелограмите се работени за снимање и изведување на песните. Затоа Фирфов во некои од нив додава и двоглас и триглас, кои се негова интервенција, односно не се дел од изворната варијанта на песната. Пример за ова е песната бр. 56 „Мариче на стол седеше“, која во аудио снимката од *Колекцијата Фирфов* има само еден глас, а во мелограмот три. Уште покарактеристичен пример е песната бр. 93 „Моме стое на бунарот“ во која се јавува полифонија која наликува на канон. Овој пример е датиран од 1955 година со што делумно е фрлена светлина за причините на ваквите интервенции. Како што знаеме, Фирфов во крајот на 1940-тите интензивно работел на формирање пеачки групи низ цела Македонија, (кои се разликуваат од хоровите), кои изведувале народни песни во изворната форма или во вакви обработки. Ова било во согласност со тогашните пролеткултовски тенденции и масовното негување на фолклорот, еден вид аматеризам, за што не биле потребни професионални диригенти.

Инаку, покрај овој пример, и во првата книга, а и во оваа среќаваме песни кои прв пат се запишани уште во 1930-тите (според назнаките на Фирфов), наспроти доминантниот број на песни мелографирани во 1970-тите. Во радио емисиите со искажувања на Живко Фирфов, кои исто така се дигитализирани во архивот ИРАМ/БузАр, се споменува дека Фирфов оставил 6,500 мелограми во Институтот за фолклор, за што говоревме и во предговорот кон првата книга. Секако, многу би било интересно да се направи споредба меѓу нив и оваа колекција за да се утврдат принципите според кои Фирфов ги мелографирал песните.

Во оваа смисла, веќе со уредувањето на оваа група песни утврдивме дека Живко Фирфов осмините ноти ги испишува со бајрачиња кога на секоја осмина припаѓа еден слог, а кога слогот продолжува и на следната нота, односно ноти, ги поврзува. Ова доследно го применува во сите мелограми.

И во првата и во втората книга забележавме варијанти на една песна. Примери има повеќе. Во песните бр. 60 „Излего да се прошетам“ и бр. 62 „Излегов да се прошетам“ од втората книга се поклопуваат насловите и почетните делови на текстот. Првата песна е од с. Гари, Лазарополе, а втората од Кичевско. Во мелодиските линии се јавуваат сличности, но метро-ритмичката структура е сосема различна. Почетната интонација исто така се разликува. Друг пример е песната бр. 67 „Ој Алт’но моме“, односно бр. 19 „Ej Алт’но моме“ (од првата книга), двете од с. Ѓоноица, Гостиварско. Кај нив почетната интонација (С), метро-ритмичката структура и стиховите се поклопуваат, меѓутоа втората фраза и орнаментиката е тоа што ги разликува. Во првата книга се појавува и песна со три варијанти: бр. 3 „Ја излези Стојне“, бр. 32 „Стојне, Стојне“ и бр. 34 „Ој мори Стојне“.

Како што напишавме во предговорот кон првата книга, нашата нумерација нема да се совпадне со онаа која потекнува од Живко Фирфов. Затоа и овде може да се забележат разлики во броевите кои се јавуваат во скенираните песни, со нашите броеви.

Во скенираните верзии од песните се јавуваа и додатоци, за кои констатиравме дека според ракописот, не потекнуваат од Живко Фирфов. Одлучивме тие да се јавуваат во останатите податоци за мелограмот во загради. Исто така, одлучивме да поставуваме прашалник во заграда, онаму каде што не се читливи забелешките од Фирфов. Таков е примерот со песната бр. 52 „Мита мете рамни двори“ во која се јавува текстот *Од ѓрупа иѓраорки на Гореш (?)*, во кој не е јасен последниот збор *Гореш*.

Кога се појавуваа големи разлики помеѓу стиховите потпишани под нотниот текст и текстот „во кутија“ (каде што се испишани сите строфи на песната), употребувавме варијанти А и Б, како на пример во бр. 55 „Ти моме, ти лудо“. Доколку разликите беа мали (на пример, бр. 44 „Горе на Пирина“) ги запишувавме во загради. Во овој пример се запишани и два различни наслови во нотниот и поетскиот текст. Примерот се јавува во аудиоколекцијата и одговара на поетскиот текст. Слична ситуација е со бр. 52 „Мита мети рамни двори“, која исто така се јавува во аудиоколекцијата, и која во запишаниот нотен текст има внатрешно проширување од еден такт, (7. такт – *дл҃го ме҃те*), кое го нема во поетскиот текст и снимената верзија.

Како што беше кажано и во предговорот кон првата книга, интервениравме само онаму каде очигледно нешто беше испуштено, како на пример, во песната бр. 68 „А бре попе“, каде во вториот такт недостасува предзнак пред тонот F, или во бр. 56 „Мариче на стол седеше“, каде имаше испуштени знаци за репетиции.

Во бр. 75 „Оj детенце“, одлучивме вториот глас кој Фирфов го додал и кој полифоно се спротивставува на основниот глас на песната, да го издвоиме на посебно петолиние.


Во песната бр. 52 „Мита мете рамни двори“ не беше јасен почетокот на четвртиот такт кој ние го усогласивме според почетокот од 11. такт. Во снимката од оваа песна на тоа место се јавува извик.

Во песната бр. 53 „Ќе дом Тинке вечер да те крадам“ во текстот исчукан на машина Фирфов внел корекции на две места: наместо *ми си*, името *Мице*. По внимателно преслушување на снимката од аудиоколекцијата Фирфов исполнета од Тина Ташева (бр. 979), одлучивме секаде да го замениме *ми си* со *Мице* (онака како што назначил самиот Фирфов), бидејќи очигледно е дека кај крајното *е* настапува редукција во *и*, карактеристична за егејските говори. Во снимката се јавува и бурдон кој Фирфов не го испишал. Фирфов исто така ја запишал од третиот стих натаму, така што го реконструиравме и почетокот на песната.

Скопје, 19 септември 2023 година

Димитрије Бужаровски
Трена Јорданоска

51
Изгоре село Трново




Изгоре село Трново,
изгоре граде големо,
изгоре граде големо,
кој бега горе, кој доле,
наше Мариче никуде,
бело девојче никуде.

На висок чардак седеше,
ситан си ќустек плетеше,
ситан си ќустек плетеше,
ем плете ем га нарича,
на Милана га нарича,
на војводу га нарича.


Ти да га носиш Милане,
ти да га носиш војводо,
ти да га носиш војводо,
та да те гледав селјани,
селјани наши душмани,
што сакав да нѐ разделив.



Останати податоци на мелограмот: Ороводна, Овчеполско, за 8 февруари 1974



Изоре село Трново
изоре граде големо - 2
Кој бега горе кој доле
Наше Марице никудже
Бело девојче никуде
На високо гардак сеоне
Ситан си кутек бошеше - 2
Ем пошне ем га нарича
На Милана га нарича
На војвоју га нарича.
Тој да га носи Миланче
~~Тој да га носи Миланче~~
Тој да га носи војвоју. - 2
Та да бие глоја севаше
Сељани наши душмани - 2
Што сакав да не раздвоив
~~Што сакав да не раздвоив~~.




52
Мита мети рамни дворја



(А)

Мита мете рамни дворја,
со метлата босилкова,
длго мете,
со лопата страторова,
длго мете длго рине,





(Б)

Мита мете

Мита мете рамни дворја
со метлата босилкова
со лопата страторова
длго мете длго рине
лудо иде од орање
лудо иде па ја гледа.
Па си бркна у џепови
па извади жута дуња
удри Мита среде груди
да се Мита не пробуди.
Луто Мита проколнала
луто га је проколнала
кој ме мене ударија
рука му се исушила
па се бргу досетила.
„Не чуј боже ја што реков
ја што реков лоша дума
белки једно на мајка је
белки ксмет ќе го земам
како чкулав ќе го водам
како сакат ќе го водам.“

Останати податоци на мелограмот: Ороводна, Кумановско





МИТА МЕТЕ


МИТА МЕТЕ РАМНИ ДВОРЈА
СО МЕТЛАТА БОСИЛКОВА
СО ЛОПАТА СТРАТОРОВА
ДЛГО МЕТЕ ДЛГО-РИНЕ
ЛУДО ИДЕ ОД ОРАЊЕ
ЛУДО ИДЕ ПА ЈА ГЛЕДА
ЗА СИМБРКНА У ЏЕПОВИ
ПА ИЗВАДИ ЖУТА ДУЊА
УДРИ МИТА СРЕДЕ ГРУДИ
ДА СЕ МИТА НЕ ПРОБУДИ
ЛУТО МИТА ПРОКОЊАЛА
ЛУТО ГА ЈЕ ПРОКОЛНАЛА
КОЈ МЕ МЕНЕ УДАРИЈА
РУКА МУ СЕ ИСУШИЛА
ПА СЕ БРГУ ДОСЕТИЛА
"НЕ ЧУЈ БОЖЕ ЈА ШТО РЕКОВ
ЈА ШТО РЕКОВ ЛОША ДУМА
БЕЛКИ ЈЕДНО НА МАЈКА ЈЕ
БЕЛКИ КСМЕТ КЕ ГО ЗЕМАМ
КАКО ЧЕШЉО КЕ ГО ВОДАМ
КАКО САКАТ КЕ ГО ВОЊАМ

53

Ќе дом Тинке вечер да те крадам







– Ќе дом Тинке вечер да те крадам,
ќе те крадам Тинке, ќе те грабам.

– Не мојш Мице да дојш да ме крадеш,
ја си имам, Мице, стара мајка,
стара мајка, Мице, саноќ седи,
са ноќ седи, Мице, конци сука,
конци сука, Мице, ќерка чува,
конци сука, Мице, ќерка чува.


– Ќе дом Тинке вечер ќе те крадам,
ќе те крадам Тинке, пред вечера.


– Немој Мице да дојш да ме крадеш,
ја си имам, Мице, стари татко,
саноќ седе, Мице, љуља полни,
љуља полни, Мице, ќерка чува.

– Ќе дом Тинке вечер ќе те крадам,
ќе те крадам Тинке, на полноќе.

– Немој Мице да дојш да ме крадеш,
ја си имам, Мице, мило братче,
саноќ седе, Мице, пушка п'лни
пушка п'лни, Мице, сестра чува.

Останати податоци на мелограмот: Снимана со изворната група, Воденско, пее Тина Ташева





Ке дом Тинке вечер да ме крадам

НЕ МОЈШ ~~СИ СИ~~ лисја ДА ДОЈШ ДА МЕ КРАДЕШ
ЈА СИ ИМАМ МИ СИ, СТАРА МАЈКА
СТАРА МАЈКА МИ СИ, САНОЌ СЕДИ,
СА НОЌ СЕДИ МИ СИ КОНЦИСУКА
КОНЦИ СУКА МИ СИ ЌЕРКА ЧУВА
КОНЦИ СУКА, МИСИ КЕРКА ЧУВА
КЕ ДОМ ТИНКЕ ВЕЧЕР КЕ ТЕ КРАДАМ
КЕ ТЕ КРАДАМ, ТИНКЕ, ПРЕД ВЕЧЕРА
НЕМОЈ лисја ДА ДОЈДЕШ ДА МЕ КРАДЕШ
ЈА СИ ИМАМ МИ СИ СТАРИ ТАТКО
САНОЌ СЕДЕ, МИ СИ, БУЉА БОЛНИ,
БУЉА БОЛНИ, МИ СИ КЕРКА ЧУВА
ЌЕЏАМ ТИНКЕ, ВЕЧЕР, КЕТЕ КРАДАМ
КЕ ТЕ КРАДАМ ТИНКЕ, НА ПОЛНОКЕ
НЕМОЈ МИ СИ ДА ДОЈДЕШ ДА МЕ КРАДЕШ
ЈА СИ ИМАМ МИ СИ МИЛО БРАТЧЕ
САНОЌ СЕДЕ МИ СИ ПУШКА ПИНИ
ПУШКА ПИНИ МИ СИ СЕСТРА ЧУВА

54
Цвето к’т си дома



(А)

Цвете кат си дома,
труп, труп, к’т си дома,
зинка, зинка, кат си дома.

(Б)

Цвете к’т си дома,
труп, труп, к’т си дома,
зинг, зинг, к’т си дома.

Цвете сама ли си,
труп, труп, сама ли си,
зинг, зинг, сама ли си.

Лудо к’т сам дома,
труп, труп, к’т сам дома,
зинг, зинг, к’т сам дома.

Лудо не сам сама,
труп, труп, не сам сама,
зинг, зинг, не сам сама.

Лудо при мене је,
труп, труп, при мене је,
зинг, зинг, при мене је.

Лудо стара мајка,
труп, труп, стара мајка,
зинг, зинг, стара мајка.

Цвете за мајку ти,
труп, труп, за мајко ти,
зинг, зинг, за мајка ти.


Цвете колај бива,
труп, труп, колај бива,
зинг, зинг, колај бива.

Цвете ке ву купу,
труп, труп, ке ву купу,
зинг, зинг, ке ву купу.

Цвете бели кожуф,
труп, труп, бели кожуф,
зинк, зинк, бели кожуф.



Останати податоци на мелограмот: Источна Македонија, Овче Поле



Цвеће кај си дома
Трупј трупј кај си дома
Зинкі Зинкі кај си дома

Цвеће сама ли си
трупј трупј сама ли си
Зинкі Зинкі сама ли си

Лудо кај сам дома
трупј, трупј кај сам дома
Зинкі Зинкі кај сам дома


Лудо не сам сама
трупј ... не сам сама
Зинкі Зинкі не сам сама


Лудо при мене је
трупј трупј при мене је
Зинкі Зинкі при мене је

Лудо стара мајка
трупј трупј стара мајка
Зинкі Зинкі стара мајка









55

Ти моме, ти лудо



(А)

Ти моме, ти лудо

Ти моме море, ти моме, моето братче
ej моме моето мој, моето братче Иванчо,
ej моме

(Б)


Ти љубиш, ти љубиш


Ти моме, ти моме, ти лудо ли си, ej моме,
Ти љубиш мој ти љубиш моето братче, ej моме,


Моето мој моето братче Иванче, ej моме,
Ти незнаш мор ти незнаш шчо одговараш, ej лудо,

Ти љубиш мор ти љубиш мојата сестра, ej лудо,
Мојата мор мојата сестра Драганка, ej лудо,

Ти незнаш мој ти незнаш колку те сакам, ej моме,
Ај да се мој ај да се двата земеме, де.







ТИ ЛУБИШ ТИ ЛИБИШ

3. Ти моме ти моме ти лудо ли си, ей моме,
Ти лубиш мој ти лубиш моето братче, ей моме,

Моето мој моето братче Иванче, ей моме,
Ти незнаш мор ти незнаш шчо одговараш, ей лудо,

Ти лубиш мор ти лубиш мојата сестра, ей лудо,
Мојата мор мојата сестра Драганка, ей лудо,

Ти незнаш мој ти незнаш колку те сакам, ей моме,
Ај да се мој ај да се дьата земаме, де.

56

Мариче на стол седеше




Мариче на стол седеше,
љубовно писмо читаше.
Љубовно писмо читаше,
дробни си солзи ронеше.

Мајка на Маре збореше,
– Што седиш Маре, што плачеш?
– Мајко ле, стара мајчице,
да знаеш и ти ќе плачеш.

Сите војници дојдова,
моето либе не дојде,
тешко ми било ранено,
с'девет куршума во гради.

– Молчи ми Маре, не плачи,
ај иди утре види го.
– Не можам мајко да идам,
Солуна града далеку.

Солуна града далеку,
солунски болници големи,
многу војници в'болница,
не можам да го познајам.





Останати податоци на мелограмот: с. Билимбегово



Мариче на стол седеше,
Љубовно писмо читаше,
Љубовно писмо читаше,
Дробни си солзи роneше.


Мајка на маре, зборече,
– што седиш маре што плачеш?
– Мајко ле, стара мајчице,
Да знаеш нејзе ке плачам.

Сите војници дојдоа,
моето либе нејде,
Тешко ми било рането,
С'девет куршума во гради.

Молчи ми Маре, не плачи,
Ај иди утре види го.
Не можам мајко да играм,
Солуна страда далеку.

Солуна страда далеку,
Солунски болници големи,
Многу војници во болница
Не можам да го познајам.

57
Селските ергени



(А)

Селските ергени по ен пат барае, леле
Селските ергени по ен пат барае.
По ен пат барале лепо прикажале, леле
по ен пат барале лепо прикажале




(Б)

Селските ергени по ен пат барае,
по ен пат барае лепо прикажвае,

Шчо ќе му купиме на лепите чупи,
Еното велеше јаска ќе му купа,

Јаска ќе му купа грепче и сапунче,
Другото велеше јаска ќе му купа,

Јаска ќе му купа шише со белило,
Шише со белило крпче црвенило.



СЕЛСКИТЕ ЕРГЕНИ

2. Селскитеергени по ен пат барае,
по ен пат барае лепо прикажае,

Што ке му купиме на лепите чупи,
Виото велеше јаска ке му купа,

јаска ке му купа грепче и сапунче,
Другото велеше јаска ке му купа,

Јаска ке му купа шише со белило,
Шише со белило крпче црвенило.



58

Добро утро



Добро ӯтро, лично моме

– Добро утро, мори, лично моме,
добро утро, мори, лично моме,
дал Бог добро, моме, јабанџиче,
дал Бог добро, моме, јабанџиче.

Што си толку моме, поранило,
што си толку моме, поранило,
чешма ли немаше/немате во селото,
чешма ли немаше/немате во селото?


– Има, има, лудо, как да нема,
има, има, лудо, как да нема,
сношти дојдоа, лудо, клети луѓе,
клети луѓе, лудо, арамии.

Чешмата, лудо, ни разурнаа,
стомните, лудо, ни искршија,
ете зошто сум подранила,
стомните да си ги налеам.



Останати податоци на мелограмот: чалгии, Велес





ДОБРО УТРО, ЛИЧНО МОМЕ


ДОБРО УТРО, МОРИ ЛИЧНО МОМЕ - 2
ДАЛ БОГ ДОБРО МОМЕ, ЈАБАНЦИЧЕ - 2
ШТО СИ ТОЛКУ МОМЕ ПОРАНИЛО - 2
ЧЕШМА ЛИ НЕМАШЕ ВО СЕЛОТО? - 2

....

ИМА, ИМА ЛУДО, КАК ДА НЕМА - 2
СНОШТИ ДОЈДОА ЛУДО, КЛЕТИ ЛУЃЕ,
КЛЕТИ ЛУЃЕ ЛУДО, АРАМИИ.

...

ЧЕШМАТА ЛУДО НИ РАЗУРНАА
СТОМНИТЕ ЛУДО НИ ИСКРШИЈА
ЕТЕ ЗОШТО СУМ ПОДРАНИЛА
СТОМНИТЕ ДА СИ ГИ НАЛЕАМ.



59

Дали думаш моме




Дали думаш моме, паметуваш,
кога бевме моме, во ливада.

Кога бевме моме, во ливада,
во ливада моме, под јаворот.


Сите пари моме, ти ги дадов,
без пет пари моме, си останав.


Поврати ми моме, од парите,
да си купам моме, брзо коњче.

Да си купам моме, брзо коњче,
да си одам моме, во туѓина.



Останати податоци на мелограмот: Гурбетчиска, Прилепско, март 1974





трпетска

Дали думаш моме - трипетско

Дали думаш, моме, та ме тнуваш,
Кога бевме, моме, во ливада.

Кога бевме, моме, во ливада,
Во ливада, моме, пор да вороп.

Сите пари, моме, ти и даров,
Без нет пари, моме, си останав.

Товрати ли, моме, оф тарите,
Да си купам, моме, брзо коње.

Да си купам, моме, брзо коње,
Да си одам, моме, во тунка.

60

Излего да се прошетам




Излего да се прошетам,
низ таја пуста Битола.


По битолските сокаци,
што видов едно девојче.


На висок чардак седеше,
руси си коси чешлаше.

Руси си коси чешлаше,
бело си лице миеше.



Останати податоци на мелограмот: Лирска, љубовна, Лазарополе, Гари, март 1974





Март -74

лирска - љубовна

Излегов да се прошетам

Излегов да се прошетам,
Из тија тесна битола.

По битолските сокаци,
Што видов едно девојче,

На висок гардак сереше,
Руси ми коси чешлаше.

Руси ми коси чешлаше,
Бело ми лице лисне.

61

Ој ти моме



Ej ти моме




Ej ти моме, малој моме,
ej ти моме, малој моме,
Ја излези на пенџере,
да ти видам бело лице.

Ја излези на вратниче,
да ти видам гајтан већи,
гајтан већи гавранови,
црни очи черешови.

Ej ти моме, малој моме,
ја излези на вратиче,
да ти видам рамна снага,
рамна снага тополова.

Ej ти моме, малој моме,
ја излези на вратиче,
да ти видам бело лице,
бело лице, бисер заби.

Останати податоци на мелограмот: Лирска, љубовна, Скопско, март 1974



мирка вудвол
– скопско

Ој тин моме

Ој тин моме, малој моме, - 2
Ја излези на пенџере
Да тин видам бело лице.

Ја излези на врашнице,
Да тин вирам гајтан веи,
гајтан веи гавранови
црни оци черешови.

Ој тин моме, малој моме,
Ја излези на врашнице
Да тин вирам рамна снага
Рамна снага тополова.

Ој тин моме, малој моме
Ја излези на врашнице,
Да тин вирам бело лице,
Бело лице, бисер зафи.

62

Излегов да се прошетам



Излегов да се прошетам,
излегов да се прошетам,
низ таа пуста Битола,
низ таа пуста Битола.


Низ таа пуста Битола,
низ таа пуста Битола,
низ тие тесни сокаци,
низ тие тесни сокаци.


Низ тие тесни сокаци,
низ тие тесни сокаци,
по високите чардаци,
по високите чардаци.

Таму момето седеше,
таму момето седеше,
жално си писмо пишеше,
дробни си солзи ронеше.



Останати податоци на мелограмот: Љубовна, Кичевско, март 1974





Любовна
Киревско

Излегов да се прошетам

1 Излегов да се прошетам, - 2
Низ тая пуста биталка - 2

2 Низ тая пуста биталка - 2
Низ тие песни сокаци - 2

3 Низ тие песни сокаци - 2
По високите чардаци - 2

4 Тамну мометко сереме - 2
Анлисе тисмо тишеме -
Дробни си солзи ронене -


63
Ој Стојане сине




Ој, Стојане сине, Стојане, море,
немој да спиеш распашан, сине,
немој да спиеш слободен.

Ој, уште је речта неизрече, море, (Аj, уште речта не изрече, ле,)
стасала силна потера, џанам,
Стојана ми го сардисале.

Ој, летна ми Стојан да бега, море,
од таја силна потера, џанам,
до девет планини префрли. (девет планини префрлил.)



Останати податоци на мелограмот: Кичево, март 1974



Ој стојане

Ој, Стојане, сине, стојане, море,
Немој да стиеш растајан, сине,
Немој да стиеш слободен.


Ој, ушите је речта низ реке, море,
Стасала силна потера, чанам,
Стојана ми го сафдисале.

Ој, летна ми Стојан да беа, море,
од тија силна потера, чанам,
до девет планини преврми.

III 74 год

64

Тргнала ми Рума мома




Тргнала ми Рума мома за вода студена,
си расплела руси коси од рамо до рамо.
Леле Руме, лично моме, лично и румено,
леле Руме, лично моме, лично и црвено.

Рума има танка снага како рудо јагне,
танка снага, бело лице, бело и црвено.
Леле Руме, лично моме, лично и румено,
леле Руме, лично моме, лично и црвено.

Рума има гајтан већи, морски пијавици,
Рума има бели заби како бисер камењ.
Леле Руме, лично моме, лично и румено,
леле Руме, лично моме, лично и црвено.



Останати податоци на мелограмот: Т. Велес, март 1974, (Дадено на Радиото)



(13) март 74

Тръгнала ми Рума мома. Т. Велев

1 Тръгнала ми Рума мома за вода студена,
си расплела руси коси ор рамо, до рамо
леле Руме, лично моме, лично и румено
леле Руме лично моме, лично и чрвено

2. Рума има танка снага како рудо јагне,
танка снага, бело лице, бело и чр-вено.
леле Руме, лично моме, лично и румено
леле Руме, лично моме, лично и чрвено

3. Рума има, гърдан бели, морски пиявици,
рума има бели заби како бисер камен.
леле Руме лично моме, лично и румено,
леле Руме, лично моме, лично и чрвено.

65


Бесилка се готви




Бесилка се готви, горе во планина,
за да го (о)бесат славен Гоце Делчев.
Тоа го разбра, славен Гоце Делчев,
и се пресвлече како ќумурџија.

Одоздола иде еден јусбашија,
и го распрашува млади ќумурџија.
А бре, Македонче, кара ќумурџија,
дали го познаваш бунџи Гоце Делчев?

А бре, јусбашијо силем мемер Али,
и да го познавам, нема да ти кажам.
јас сум Македонец, таков ќе останам,
нема да го кажам, бре, тој славен јунак.



Останати податоци на мелограмот: Т. Велешко, Тиквешко, март 1974




март 72
(23)

Бесилка се гоштева

♩♩♩♩=120

Т. Велешка-Тиквешко

Бесил-ка се гош-тев-ви го-ре во пла-ни-на За да го бе-сат
го-а го раз-бра сла-вен То-дѐ Дел-чев. И се пре-свле-че
Одз-да-ли и-де еден ју-зба-шија, и го рас-пра-шу-ва
А-бре, Маке-дон-че, Кара Кумурија, да-ли го поз-на-ваш
– А-бре, ју-зба-шија, силен ме-мер бли, Ја сум Маке-дон-ец, та-ков ке о-стана-ам
сла-вен То-дѐ Дел-чев. Нема да го кажам, бре, тој сла-вен ју-нак.
Како Кумур-ни-ја
Кумур-ни-ја
Бунци То-дѐ Дел-чев
Нема да ти кажам.



Бесилка се гоштева Велешко-тиквешко

Бесилка се гоштева, горе во планина
За да го обесат славен Тодѐ Делчев.
Тоа го разбра, славен Тодѐ Делчев,
И се преоблече како Кумурџија.

Одоздола иде еден јузбашија
И го распрашува младиот Кумурџија
– „Абре, Македонче, Кара Кумурџија,
Дали го познаваш бунтовникот Тодѐ Делчев".

– А бре јузбашијо силен мајмер бев,
И да го познавам, нема да ти кажам.
Ја сум Македонец, таков ќе останам,
Нема да го кажам, бре, тој славен јунак.

66

Ај, зора се зазори





Ај, зора се зазори,
аман милно либе,
с'нцето изгрева,
с'нцето изгреја.


Ај, пилците пеат,
аман кротко јагне,
мене ме испраќат,
мене ме испраќат.

Ај, коњче ме чека,
аман милно либе,
на пат ка си одам,
на пат ка си одам.

Излези, излези,
аман, милно либе,
барем на пенџерето,
барем на пенџерето.

Ај, с'коњче ќа минам,
аман кротко јагне,
тебе да те видам,
тебе да те видам.

Останати податоци на мелограмот: Љубовна, гурбетчиска, с. Гари, Лазарополе, март 1974



Март 76

Лазарополе
Гара –
Любен Гурбетчиа

Аj Зора се Зазори

Аj Зора се зазори,
Аман милно либе
Снцето изгрева.– 2

Аj милците пеат,
Аман Кроткогајне,
Мене ме некракаат.– 2


Аj, коњче ме чека,
Аман милно либе,
На пат ќа се орам.– 2

Излези излези
Аман, милно либе
Барем на пенџерето.– 2

Аj с'коњче ќа минам,
Аман кроткогајне,
Тебе да те видам.– 2

67

Ој Алт'но моме



Ој Алт'но моме, ѓулкад'но,
ал си мома, ил невеста.

Не сум мома, лудо, ни невеста,
тук сум мома посвршена.


Посвршена, лудо, на далеку,
на далеку, преку Вардар.

Преку Вардар, лудо, ќе Никола,
ќе Никола кувенџија.

Јаничари, лудо, браќа мили,
да знаете тој Никола.



Останати податоци на мелограмот: с. Ѓоноица, Гостиварско, март 1974


(16) мари
Ој Ами'но моме
од гостиварско
Ој Ам и'- но мо-ме, ѓул ка-ѕи – но
Не сум мо- ма луро,
Но сбр-ме- на луро,
Треку Вар-дар луро,
Уа ни-ча- ри луро,
Ам ло –
Ѓул'сум мо –
На да- лог
Ке ни-ко –
да зна-е –
ма
ку
ла
ме
ми не – все – ѓа
по-сбр-ме- на
Вар-дар
ку- вен-ци- ја-
мој ни- ко- ма-



68

А бре попе




А море попе, светена душо, попе,
земи си го петрафилот, попе,
земи си го петрафилот, попе.

А море попе, светена душо, попе,
да ми поеш една молитва, попе,
дам'се простат греовите, попе.

Дам'се простат греовите, попе,
греовите и моите, попе,
и моите и твоите, попе.



Останати податоци на мелограмот: Охрид, Антонова Марица, март 1974


17 март
А море поле
Марин Джонов
Жирф-
1. А море по-ле, свет-ле-на ду-шо, пе-ше
2. ——— " ———
3. Гал се ора-ли, пе-о- ли-ле, пе-ле, пе-о- ви-ле
Де-ли се го
да ли ора-ли
Де-ли се го
Де-ли ора-ли
Зе-ли се го
Де-ли ора-ли
Зе-ли се го
Де-ли ора-ли



69
Изгорев моме за тебе



(А)

Изгорев, мори, моме, за вода, леле,
изгорев, пиле, моме, за вода.
Наполни грсти вода напој ме,
наполни грсти вода напој ме.

(Б)

Изгорев, мори, моме, за тебе, леле,
изгорев, мори, моме, за тебе.
Наполни грсти вода напој ме,
наполни грсти вода напој ме.


Не можам, лудо, да те напојам, леле,
не можам, лудо, да те напојам,
полни ми прсти, лудо, прстење,
полни ми прсти, лудо, прстење.


Наполни уста, моме, напој ме, леле,
наполни уста, моме, напој ме.
Не можам, лудо, да те напојам, леле,
полна ми уста, лудо, бомбони.

Наполни скути, моме, напој ме, леле,
изгорев, мори, моме, за вода.
Не можам, лудо, да те напојам,
полни ми скути лудо, алт'ни.



Останати податоци на мелограмот: Љубовна, Лазарополе, Диме овчарот 1935 год., март





март- 10

Изгорев моме за тебе

1 Изгорев, мори, моме за тебе, леле,
Изгорев мори, моме за тебе.
Наполни грсти, вода на тој ме. - 2.

2 - „Не можам луд да те напојам, леле
Не можам, луд да те напојам.
Полни ми грсти, луд, трстенье". - 2

3. - Наполни уста, моме, напој ме, леле,
Наполни уста, моме, напој ме.
- „Не можам, луд да те напојам, леле
Полна ми уста, луд, бомбуни".

- Наполни скути моме, напој ме, леле
Изгорев мори моме за вода.
„ Не можам луд, да те напојам.
Полни ми скути луд алчни.

70

Море трча моме




Море тр̄ча мома

Море, трча мома низ ливада,
чија е ливада море,
чија е ливада?

Море, трча момче с'коњ по неа,
и на моме дума, море,
и на моме дума.

Море, постој моме, постој душо,
збор да ти речам, море,
збор два да ти речам:





Море, ќе ти купам свила ф'станче,
дали ќе го носиш, леле,
дали ќе го носиш?

Море, дали имаш срмен колан, (елек)
дали да ти купам, леле,
дали ќе го носиш?

Море, купи лудо, купи младо,
купи ја(с) ќе носам, леле,
купи ја(с) ќе носам.

Останати податоци на мелограмот: Лирска, Кичево, март 1974





Море тръга мама

Море, тръга мома низ ливада,
Чија е ливада, море,
Чија е ливара?

Море, тръга маме с'кок понеа,
И на маме дума, море,
И на маме дума:

„Море, постој маме, постој душо,
Збор да ти рекам, море,
Збор два да ти рекам";


Море, ке ти купам свила об'сианче
Дали ке го носиш, леле
Дали ке го носиш"?

„Море, дали имаш срмен кавал,
Вали да ти купам, леле,
Дали ке го носиш?"

– Мари, Купи, Мудо, Купи Младо.
Купи јас ке носам, леле
Купи јас ке носам.

71


Сељам да му чиниш Боје



Сељам да му чиниш, Боје,
вака да му кажиш:
коњот да го даде,
сватинка да идам,
Боје, море, сватинка да идам.

Сватинка да идам, Боје,
многу на далеко,
многу на далеко,
пусто Ниготино,
Боје, мори, пусто Ниготино.

Многу на далеко, Боје,
пусто Ниготино,
моме ќе зимаме,
моме Ниготинско,
Боје, мори, моме Ниготинско.




Сељам ти чинеше, аго,
бре, белото Фате,
коњот да го дадеш, (коњот да го дадам)
сватинка да иде, (оде)
аго, море, сватинка да иде. (оде)

Коњот ќе го дадам, Боје,
она да се чува,
она да се чува,
од бесвички маски,
Боје, море, од бесвички маски.

Неја ак'ја бутнат, Боје, (*не чини)
кабул не ја чинам,
кабул не ја чинам,
магбул не ми била, (*нема да ја примам)
Боје, мори, магбул не ми била.

Останати податоци на мелограмот: пее А. Демиров 27 години од с. Бесвица, март 1974



1 — Севам да му чинић, боје.
вака да му кажић:
Коњот да го даде,
Сватинка да идам,
бого море, сватинка да идам.

2 Сватинка да идам, боје,
мноу на далеко,
мноу на далеко
пусто житинно
боје мори, пусто житинно.

3 Мноу на далеко боје,
пусто житинно,
моле ке зимаме,
моле житинско
боје мори, моле житинско.

4 „Севам ти чинење, аџо
бре белото орање,
коњот да го дадеш
сватинка да иде,"
аџо море, сватинка да иде

5 Коњот ке го дадам боје,
она да се чува,
она да се чува,
од бесвички маски,
боје море, ор бесвички маски

6 Неја ак' ја бутнат боје,
× Кабул не ја чинам
× Кабул не ја чинам
× Маибул не ми била
боје мори, маибул не ми била

× не чини
× нема да ја прифам

III 74

72
Стани, стани Ѓорѓи



Стани, стани Ѓорѓи, да не станеш,
те сардиса, Ѓорѓи, потерата,
потерата, Ѓорѓи, арамиска.


Стани, стани Нацке, ти да видиш,
кој ми клука, Нацке, на портата,
ако клука, Нацке, Ахмед Чауш.


Ахмед Чауш, Нацке, Призренчанец,
подај ми го, Нацке, ќемерчето,
да набројa, Нацке, триста лири.

Ако клука Осман од Кичево,
подај ми го, Нацке, берданчето,
да пречекам, Нацке, потерата.



Останати податоци на мелограмот: Галичко, март 1974, (Дадена на Радица Трајковска)


Март 74
25
Стани, стани Горѝ
м м ♩=208
1 Ста-ни, стани, Горѝ, да- не — ста-неш
2 Стани, стани, Науке, ти да
3 Ах – мед Гауш Нау-ке, Призрен – га-нец.
ду-са Гор-ѝ
рата Гор-ѝ
клука Науке
ми-ѝо Науке
броѝа Науке
ко – мер – га – но,
триста ми-ри.
м т. п.


25
март. 1974
Стани, стани Горѝ
гайчко
Стани, стани, Горѝ, да не станеш,
Ќе сарниса Горѝ, пошерата,
Пошерата Горѝ, аранишка.
Стани, стани, Науке, ти да видиш,
Кој ми клука Науке, на пориката -
Ако клука, Науке, Ахмед Гауш,
Ахмед Гауш, Науке, Призренганец,
Подај ми го, Науке, Кемерчето,
Да набрја, Науке, триста мири.
Ако клука Осман ф Книжево,
Порај ми го Науке Берданчето,
Да тргекам, Науке, пошерата.

73

Мори момиченце




Мори, момиченце малечко,
зошто ми минуваш дуќанот,
зошто ми минуваш дуќанот,
зошто не купуваш од мене.


Мене мама ме испратила,
дури на горнине дуќани,
дури на горнине дуќани,
кај чичо ми Петре бакалче.

Кај што има бело, белило,
белило ем пусто црвило,
кај што има бело, белило,
белило ем пусто црвило.



Останати податоци на мелограмот: Лирска, с. Конче, Радовишко, март


Мари
Мори момиченце
Дарданско
мм ♩=140
Мори, момиченце ма-лечко
Зошто ми минуваш
Мене мама ме ис-пра-ти-ла
дури на гор-ните
Кај шишмишка бело бе-ли-ло
бело ли пусто
ду-ка-ноп,
Зошто ми минуваш
ду-ка-ноп
ду-ка-ни,
дури на гор-ни не
ду-ка-ни
бе-ли-ло,
Кај шишмишка бело, бе-ли-ло
Зошто не купуваш
ор мене
Кај ги-чо ми бе-шре бе-каче
бело ли пусто
црвено.


Мори момиченце
Дарданско
с. Конче
лирска
Мори, момиченце малечко
Зошто ми минуваш дукаѓот,
Зошто ми минуваш дукаѓот
Зошто не купуваш ор мене.
– Мене мама ме испратила,
Дури на горните дукаѓи,
Дури на горните дукаѓи,
Кај чичо ми бешре баканче.
Кај што имаш бело, белило,
Белило ли пусто црвило
Кај што имаш бело, белило
Белило ли, пусто црвило.

74
Стојне ле Стојне




Стојне ле Стојне, лично невесто, лично невесто,
заврти оро накуде мене, накуде мене.

Ја да ти виду тој бело лице, тој бело лице,
дали е бело како што беше, како што беше.


- Де море луду, лудо будало, лудо будало,
и да го видиш фајде си немаш, фајде си немаш.


Мое е лице бре продадено, бре продадено,
бре продадено, бре за Илију, бре за Илију.

Бре за Илију, за кујунџију, за кујунџију,
тој што си кове, жути алт'ни, жути алт'ни.




Останати податоци на мелограмот: с. Клечовце, Кумановско, март 1974


(7)
Март 74
Стојне ле Стојне
♩=280
с. Клеговце-Кумановеко
Стојне ле Стојне мајна не-вес-тио, мајна не-весио,
